**СЛОБОДЕН ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ –*ЕТИКА НА РЕЛИГИИ***

**учебна 2023/2024 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **ЕТИКА НА РЕЛИГИИ** |
| **Изготвил:** | ***Фејзула Емини*** |
| **Училиште:** | ***ООУ „Наим Фрашери"- Куманово*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | **Слободен изборен предмет** |
| **Одделение** | **VI (шесто)** |
| **Број на часови** | **36 (прво пол.)** |
| **Опрема и средства** | ❖ Аудиовизуелни средства (телевизор, ДВД-плеер, ЛЦД-проектор, касетофон, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер,паметна табла, таблет за цртање, печатач или други дигитални уреди)<br>❖ Интернет, образовни софтвери<br>❖ Средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени боици,фломастери, мрсни боици, природни и вештачки материјали)<br>❖ Средства и материјали за истражување (енциклопедии,прирачници, хамери, работни листови)<br>❖ Средства за пластично обликување и градење (пластелин, глина, глинамол, тесто, пластика, амбалажа, алуминиумска фолија, жица,конец, ткаенина, песок, снег, стиропор и др.)<br>❖ Нагледни средства (цртежи, фотографии, изработки, списанија, книги, плакати, постери, апликации, илустрации, проспекти) |

**Наставна програма за слободен изборен предмет**

**Слободен изборен предмет: ЕТИКА НА РЕЛИГИИ**

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

**Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди: Општество и демократска култура, Дигитална писменост, Личен и социјален развој и Уметничко изразување и култура**

| *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* | |
|---|---|
| VI-A.1 | Да објасни како општествените фактори влијаат врз личноста и средината и да ги зема предвид при формирање мислење и донесување одлуки. |
| VI-A.2 | Да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата |
| VI-A.3 | Да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува, |
| VI-A.4 | Да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно |
| VI-A.5 | Да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.), |
| VI-A.8 | Да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите, |
| VI-A.15 | Да идентификува ситуации во кои граѓаните можат да влијаат врз животот во заедницата и се ангажира за подобрување на состојбите, |
| VI-A.17 | Да го анализира влијанието на пишаните, електронските и социјалните медиуми врз јавното мислење и да избира веродостојни извори на информации врз кои ќе ги базира сопствените ставови. |
| VI-A.20 | Да ја објаснува улогата на меѓународните организиции и сојузи во современото општестсво и да ги анализира вредностите и продобивките од европската интеграција, |
| VI-A.27 | Да ја раскаже и објасни историјата (социјална, културна и политичка), на сопствениот народ и на историите на другите народи што живеат во нашата земја и во регионот, со своите посебности и во контекст на споделеното историско минато, |

| *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* | |
|---|---|
| VI-Б.2 | Сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VI-Б.4 | Неселективното почитување на верските права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и за општеството во целина; |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедниците; |
| VI-Б.6 | Личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес; |
| VI-Б.7 | Секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината; |
| VI-Б.8 | Секој граѓанин е должен да ги почитува законите и правилата и прописите што го регулираат однесувањето на луѓето и функционирањето на институциите, |
| VI-Б.11 | Секој има право да избере која религија ќе ја смета за своја, односно да избере да не припаѓа на ниту една религија/вера, без да има последици од направениот избор; |
| VI-Б.12 | Нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество. |
| VI-Б.2 | Сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |

| *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* | |
|---|---|
| IV-А.3 | Да користи различни начини на организирање и безбедно чување и споделување на содржини на различни уреди и мрежи во дигиталното опкружување |
| IV-А.8 | На безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјални мрежи, и дигитални облаци, |
| V-А.10 | Да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешниото во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина), |
| VIII-А.6 | Да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност |
| VIII-А.9 | Да препознае и објасни како култура на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот, |
| VIII-А.12 | Да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура, туку и низ перспективата на други култури. |

| *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* | |
|---|---|
| IV-Б.5 | Информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето, |
| VIII-Б.5 | На разликите меѓу културите треба да се гледа како на можност и за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување, |
| VIII-Б.6 | Почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите.. |
| VIII-В.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет, |

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**

**Тема 1.** ***Етика како наука за доброто и моралот*** **- 5 ЧАСА**

***Знаења/вештини:***

- Ги идентификува поимот и суштината на етиката како наука за моралот.
- Умее да стекне сознанија кои ќе овозможат ширење на етичкиот дух, етичката сериозност, одговорност и креативност.
- Умее да се запознаат со поимите добро и зло, правилно, корисно, убаво и сето она што го дефинира позитивното однесување на една личноста.
- Умее да ги идентификува своите потенцијали и да си поставува цели за остварување.
- Умее јасно да ги покаже своите знаења и можности.
- Умее јасно и аргументирано да го искаже сопственото мислење.
- Умее и треба да си развие способност за препознавање на облиците на позитивно однесување како што се толерантност, чесност, правдина.

***Ставови/вредности:***

- прифаќа нови искуства со чувство на сигурност
- ја почитува важноста на себеизразувањето
- ја прифаќа важноста на пријатните и непријатните емоции како дел од секојдневниот живот
- прифаќа дека жалењето не е знак на слабост
- разбира дека успехот и неуспехот треба да се споделат
- верува дека е важно да го искаже своето мислење
- смета дека на неговото мислење треба да му се посвети должно внимание

| ***Содржини (и поими)*** | ***Број на часови*** | ***Примери на активности:**** |
|---|---|---|
| 1. Етика | 1 | Учениците се делат на три групи и им се даваат задолженија да напишат кои се етичките вредности кои ним им значат, кои се важни за животот во заедницата и „што би сакал да претставам ако одам надвор од Македонија“.<br>На пример:<br>Да сум добар спрема своите родители.<br>Што е важно за животот во заедницата? Да се почитуваме меѓу себе без разлика на нашите меѓусебни разлики.<br>Да се однесуваме сите културно и убаво но и да ги покажеме семејните вредности кои ги има секој во Македонија. |

| | | |
|---|---|---|
| 2. Значењето на етика | 1 | Учениците поделени во групи пополнуваат во работен лист „Како се чувствувам“ – секој исказ во работниот лист треба да го поврзат со соодветната слика (израз на лице - емоција). Учениците се идентификуваат, ги именуваат сите чувства кои произлегуваат од секоја опишана ситуација. Во работните листови да се означат позитивни и негативни чувства со знаците + и – .<br>Поделените групи ги мерат резултатите, а наставникот ги собира дадените резултати. На крај наставникот заедно со учениците ги сумира резултатите и ќе донесат заеднички заклуок за значењето на етиката и етичките постапки. |
| 3. Моралот | 1 | Учениците се делат во групи по од четири – пет ученици. Секој ученик во рамките на својата група добива листа за поимот Морал, кој е поделен со една линија на две половини. Се дава инструкција сите на едната половина да назначат колку се запознати за тоа што е морално однесување. Потоа се дава инструкција да направат уште еден исказ за негативните постапки во врска со моралното однесување. Пишуваат на другата половина од листот, но овој пат можат да ги употребат и боичките на другите учесници во групата, но само ако ги замолат да им ги позајмат - не може да се земе туѓа боичка без прашање. При тоа, прашањето се кажува на мајчиниот јазик на следниов начин: ...(име на учесникот), можеш ли да ми ја дадеш ... (боичката)? |
| 4. Важноста на моралот | 1 | Учениците се делат во четири групи. Секоја група добива задача да дискутира кое е значењето на моралот. Потоа треба да изберат еден пример за значењето на моралот и да го презентират пред останатите групи. На крајот, откако сите групи ќе ги презентираат избраните примери, се поттикнува разговор меѓу групите на тој начин што на секој поединачно му се дава право да постави прашање во врска со значењето на моралот и потоа секоја група зборува за значењето на моралот, а секоја од прашаните групи треба да одговори најдобро што може. Потоа сите ученици дискутираат за најинтересните примери што кои ќе бидат кажани. |

| | | |
|---|---|---|
| 5. Доброто како највисока етичка вредност | 1 | Учениците се делат во 4 групи и размислуваат за тоа кои се заедничките добра во училиштето и во нашиот град, во нашето место, почнувајќи со нивно обележување на нивните работни листови и разговарајќи со своите другарчиња за тоа како треба да се грижат за нив и како треба да се заштитат тие добра.<br>Во текот на часот се укажува и на потребата луѓето да се однесуваат добро кон другите луѓе, посебно кон оние со посебни потреби и дека човештво денес бара од секој добро да се однесува и да ја унапредува човечковата грижа за личностите со посебни потреби (инвалиди, хендикепирани).<br>Наставникот и учениците ја анализираат заедничката работа и ја потенцираат важноста на добрите дела што секој може во секојдневниот живот и во училиштето да ги направи. |

**Тема 2. ТЕМА 2: ЕТИКАТА НА РЕЛИГИИТЕ – 31 ЧАС**

***Знаења/вештини:***

- Ги идентификува етичките принципи на религиските учења.
- Има познавање за етичките учења на религиите содржани во светите книги.
- Умее да ги увиди и препознае заедничките правила за добро однесување и заеднички живот на сите од различни религиите.
- Знае кои се основните добродетели - вредности на човекот во функција на развој на позитивна морална личност.
- Ги идентификува основните податоци за православното Христијанство и најважните настани од животот на Господ Исус Христос.
- Дава примери за ширењето и историскиот развој на Христијанството во Македонија, како и за значењето на македонските светители и поважните цркви во Македонија.
- Има познавање за Библијата како света книга за сите Христијани.
- Ги идентификува разликите меѓу луѓето и нивното потекло, национално и конфесионално.
- Знае за основните христијански правила за одржување на добрите односи во семејството и во заедницата.
- Разбира зошто треба да се избегнат лошите постапки.
- Умее да формира сопствено мислење за лошото однесување.
- Разбира дека секој човек може да згреши, дека љубовта е темел на човековиот живот и благосостојба.
- Го разбере значењето и потребата од благодарност кон Бога и родителите и говорењето на вистината.
- Ги идентификува шесте елементарни услови на убедувања во исламското учење.
- Разбира дека Алах е еден и е величествен според исламското учење, како неговиот последен пратеник е Мухамед.
- Има познавање како е објавена книгата на Алах и да ја запознаат суштината и користа од примената на петте правила на Исламот.

| ***Ставови/вредности:*** |
| --- |
| • Смета дека различните религии и уверувања претставуваат богатство, а не закана;<br>• Ја осудува забраната на различни мислења и уверувања;<br>• Поддржува заеднички културни настапи, игри, слободно време со различни од себе;<br>• Разбира дека некои однесувања може да се навредливи за некои деца;<br>• Се залага за заедници кои ги почитуваат разликите. |

| ***Содржини (и поими)*** | ***Број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
| --- | --- | --- |
| 1. Заеднички етички принципи на религиозните учења | 1 | Учениците поделени во групи – секоја група добива картички од 5 различни релиигии и треба да одбере 3 за кои смета дека има сознанија и потоа дискутираат за нив.<br>Учениците треба да проценат три религии кои се најзастапени и истите ги презентираат.<br>Учениците одговараат на прашањата: Кои од религиите се опфатени во предметот Етика на религиите? |
| 2. Теоретски основи на православието | 2 | Учениците се делат на 2 групи. Во работните листови секоја група да прикаже најважни настани за господ Исус Христос, за Христијанството во Македонија, како и значењето на македонските светители и поважните цркви во Македонија, Библијата како света книга за сите Христијани. Секоја група ќе ги презентира нивните работни листови и ќе дискутират за секоја посебно. По еден член од групата ќе дискутира за Исус Христос. Другата група за Христијанството во Македонија и Библијата како света книга. Третиот член од последната група ги назначува поважните цркви во Македонија. Наставникот ја следи работата на учениците и по потреба објаснува. |
| 3. Етички основи на православното христијанство | 1 | Учениците наредени во полукруг кажуваат поими што ги знаат етички поими од православното христијанство. Со нивното излагање, учениците ќе стекнат знаења и ќе развиваат способност за лично залагање заради заеднички живот. Наставникот покажува икони од апостол Павле, свети Климент и свети Наум Охридски, како и фотографии од познати цркви во Северна Македонија. |

| | | |
|---|---|---|
| 4. Основи на православниот христијански морал | 1 | Од учениците поделени во групи се бара на работен лист да напишат калку се запознаени со добрата на Христијанството. По нивното пишување преку отворена дискусија, учениците проценуваат кои се добрите страни и што е основата на христијанскиот морал. |
| 5. Теоретски основи на католичките учења | 2 | Секој ученик добива список со прашања за тоа колку се запознаени со историскиот развој, настанокот на Христијанството.<br><br>Секоја група ќе дискутира за тоа колку се запознаени учениците со основните христијански правила кај Католиците за одржување на добрите односи во семејството и во заедницата и дека во заедницата сите тие треба да се залагаат за она што треба да го направат во заедничкиот живот. Секој ученик ќе презентира за нивната работа, потоа ќе се отвори дискусија со учениците да се создадат услови учениците да се стекнат со знаења за основните карактеристики на католичкото христијанство и најважните настани од животот на Господ Исус Христос. Наставникот ги сублимира мислењата на учениците и реагира по потреба. |
| 6. Етички основи на католичкото учење | | Наставникот ќе им даде на учениците текст во кој ќе бидат отфатени принципите на етичката заснованост на католичкото учење. Потоа, секој ученик одделно го презентира неговото мислење. Учениците и наставникот дискутираат за сличностите и разликите кај сите христијански и други религии. Наставникот го следи излагањето на учениците и по потреба интервенира. |
| 7. Теоретските основи на методистичкото евангелско учење | 2 | Учениците се организираат во круг и сите поединечно даваат мислење за основните податоци за евангелското и христијанското учење и колку се запознаени со животот на Господ Исус Христос. Врз основа на дискусиите на учениците наставникот ги насочува учениците да сфатат и да осознаат дека Библијата е темелен извор на христијанската вера, да се запознаат со историјата на Евангелско методистичката црква и со нејзината работа во Македонија. |

| | | |
|---|---|---|
| 8. Основите на Евангелско-методистичкиот морал | 1 | Учениците се поделени на групи. Добиваат задолжение на интернет да прочитаат за животот и делото на Џон Весли. Секој од нив писмено треба да даде свое мислење за Евангелискиот морал, за лошите постапки, колку се практикува хуманоста во училиштето и во општеството, но и за грешките на луѓето. Секоја група назначува по еден ученик да презентира за сработеното и се дискутира за дадените мислења по групи. Преку содржините кои го третираат прашањето за основите на моралот на евангелско-методистичкото учење, учениците ќе бидат во можност да сфатат и да осознаат зошто треба да се избегнува лошото однесување и да се формира мислење за лошите постапки, да се практикува хуманоста во општеството, но и да се констатира дека секој човек може да згреши. Низ дискусија наставникот -ученик, кај учениците ќе поттикне да размислуваат за важноста на животот, за значењето на трудот во формирањето на личноста, да откриваат зошто е значајно секогаш да се зборува вистината и да се разбере значењето на верноста како христијанска добродетел. |
| 9. Основи на исламското учење | 1 | Учениците се делат во 2 групи и почнуваат да обележуваат што создал Алах, во кого веруваат Муслиманите, Куранот (безгрешен збор) , кој бил последен божји пророк. Секоја група ги презентира нивните мислења и се дискутира во врска со нивните излагања. Наставникот ги следи излагањата на учениците и интервенира по потреба. На табла се истакнати начела на исламското учење. |

| | | |
|---|---|---|
| 10. Аллах и неговите својства | 2 | Од учениците, поделени во групи, се бара на работен лист да напишат некои од својствата на Алах и какво е нивното значење на пример:<br>1. Господ има и постои<br>2. Господ е еден<br>3. Господ е од секогаш и не е создаден<br>4. Господ е засекогаш и нема да исчезне<br>5. Господ не е на ништо сличен<br>6. Господ сам по себе опстојува и не е од ништо зависен<br>7. Господ живее со Својот вечен живот<br>8. Господ знае сѐ<br>9. Господ сѐ слуша<br>10. Господ сѐ гледа<br>11. Господ сѐ со Својата волја прави<br>12. Господ е семоќен<br>13. Господ зборува со Својот божествен говор<br>14. Господ сѐ создава, воздржува и раствора.<br>Потоа од истите групи ученици се бара да презентираат коментира за својствата на Алах. Наставникот повремено интервенира да им објасни подетално на учениците за секое својство одделно. |

| | | |
|---|---|---|
| 11. Животот на Мухаммед а.с. | 2 | Учениците се распоредени во круг и секој од нив се изјаснува за тоа колку се запознаени со живот на Мухамед. Учениците подготвуваат театарска престава за животот на Мухамед. Наставникот им помага кажувајќи им за животното дело на Мухамед преку видео проектор подготвен со слајдови.<br><br>Можно сценарио :<br>Мухамед живеел скромно и едноставно. Ѕидовите на неговата куќа биле направени од кал. Најчесто се хранел со урми и млеко, а секогаш кога ќе имал месо за ручек во својата куќа, Мухамед го делел со своите соседи. Внимавал и на чистотата. Рацете ги миел пред и по јадење, а во една прилика рекол: „Чистотата е половина вера!“. Се облекувал едноставно. На себе имал кошула и наметка. Често зборувал: „На Бога му е драго, а на луѓето им е пријатно човек да доаѓа во друштво чист и пристојно облечен“. Како што се грижел за здравјето, така не ја запоставувал ни телесната сила. Особено го сакал трчањето и честопати се натпреварувал со својата жена во трчање. Во домашните работи ревносно помагал: палел оган, го чистел подот, ги молзел козите, ја крпел својата облека и ги поправал своите обувки. Никогаш не се двоумел дали да и помогне на својата жена во која било работа. Мухамед бил забележително доверлив и чесен. И пред да стане пратеник го викале „Ел-Емин“ (доверлив). Благодарноста, исто така, била негова карактеристика. Во очите на Мухамед сите Муслимани биле еднакви. Како што ги почитувал своите пријатели и другари, така со почит се однесувал и кон своите слуги. Болните редовно ги посетувал без оглед дали тие биле Муслимани или не. Скромноста, исто така, му била прекрасна одлика. |

| | | |
|---|---|---|
| 12. Почеток на објавата и повикот во Мека (Историјат) | 1 | Учениците распоредени во круг зборуваат за сознанијата што ги стекнале за животот Мухамед. Да истражат учениците на интернет и од други извори за родното места на Мухамед.<br><br>**Мека** како родно место на Мухамед и местото на првото откровение на Мухамед на Куранот (конкретно пештера на 3 километри од Мека), Мека се смета за најсветиот град во Исламот и место за аџилак, познато како Хаџ кој е задолжителен за сите способни Муслимани. Во Мека се наоѓа Ќаба. Во својот современ период, Мека забележала огромна експанзија во големината и инфраструктурата, каде што се наоѓаат структурите како што се „Кула на кралскиот часовник“, четврта највисока зграда во светот. За време на оваа експанзија. Мека има изгубено некои историски структури и археолошки наоѓалишта, како што е Еџјадската тврдина. Денес, повеќе од 15 милиони Муслимани ја посетуваат Мека годишно, вклучувајќи и неколку милиони во текот на неколкуте денови на Хаџ. Како резултат на тоа, градот станал еден од најпознатите градови во муслиманскиот свет. |

| | | |
|---|---|---|
| 13. Животот на Мухаммед а.с. во Медина и неговата смрт | 1 | Учениците поделени во 2 групи треба да напишат колку се запознаени за животот на Мухамед а.с, Медина и за неговата смрт. Секоја група презентира. Наставникот ги следи нивните излагања и им покажува на учениците подготвене презентација.<br><br>На пр. она што е прифатено од современите историчари е дека Мухамед е роден околу 571 година во Мека. Тој ги загуби и двајцата родители на рана возраст, оставајќи го својот имот во рацете на неговиот дедо, а подоцна и на неговиот чичко. Не се познати многу детали за годините на младоста на Мухамед. Кога веќе бил средовечен човек, ангелот Габриел на сон му ја открил судбината на земјата. После тоа, тој започнал да ја исповеда пораката на покорност пред Бога и се покажа како пророк. Проповедникот се здоби со следбеници во раните години. И покрај тоа што не биле голема заедница, тие нашле на потешкотии кои требале да ги надминат и биле прогонувани за она во што верувале. Ова предизвика да се поделат и една од страните што произлезе од тоа разделување реши да го напушти градот Мека. Некои од следбениците на Мухамед тргнале кон Абисинија (модерна Етиопија), а други кон Јетриб, кој подоцна станал Медина, „градот на светлината“. Таа миграција е позната како хиџра и го означи почетокот на исламскиот календар. Подоцна, Мухамед беше задолжен за изработка на Уставот на Медина, со кој осум оригинални племиња од областа се приклучија на мигрантите муслимани, за да создадат држава. Тие исто така ги регулирале должностите и правата на различните племиња. Околу 629 година, 10 000 муслимани маршираа кон Мека и ја освоија без проблеми. Три години подоцна Мухамед починал, веќе кога мнозинството од арапскиот полуостров исповедал Ислам. |

| | | |
|---|---|---|
| 14.Условите на исламот во исламското учење | 2 | Однапред подготвени листови со прашања, се делат на учениците за условите на исламот и тоа за: **Шехадет, Селат** , **Зекат, Сеум** , **Хаџ**.<br>Учениците да објаснат што значат овие поими .<br>1. Прва група - Шехадет – сведочење дека нема друг Бог освен Алах и дека Мухамед е неговиот последен пратеник. – Обврска кон Бога.<br>2. Втора група - Селат – поклонување, намаз, молитва. Од муслиманите се очекува молење пет пати на ден во посебни времиња на денот, свртени кон Мека.- Духовен раст.<br>3. Трета група- Зекат – подарување процент од сопственоста на сиромашните и на оние кои имаат потреба од помош.- Грижа за сиромашните.<br>4. Четврта група - Сеум – постење. Во текот на Рамазан, деветиот месец според муслиманскиот календар, преку денот се апстинира од пиење, јадење, пушење и имање интимни односи. Верниците треба да се молат, да го читаат Куранот и да прават добри дела. Ова се прави во сеќавање на месецот кога Мухамед ги примил првите стихови од куранот пренесени преку ангелот Џибрил (Гаврил). После Бајрам се слави празникот Фитр Бајрам.- Самодисциплина.<br>5. Пета група - Хаџ – аџилак. Секој верник, кој е во добра здравствена и финансиска состојба е обврзан еднаш во својот живот да ја посети светата Божја куќа Кјаба, како и повеќе важни места околу Мека. После аџилакот се слави празникот курбан Бајрам.- Жртвување. |
| 15.Абдес-Гусл | 2 | Учениците поделени на три групи требат да дадат свое мислење за Абдест т.е.: Прва група Абдест, Втора група Тејемум и трета група за Гусел. Ги презентират нивните мислења и заедно со наставникот дискутираат за секоја одделно.<br>Абдест – верско чистење кај муслиманите пред молитва, вообичаен абдест пред клањање кога одредени делови на телото се мијат со чиста вода;<br>Тејемум – абдест со чиста земја кога нема чиста вода;<br>Гусал целосно чистење, односно капење. |

| | | |
|---|---|---|
| 16. Клањање на намазот | 1 | Однапред подготвени прашања на ливчиња им се делат на учениците кои треба да утврдат што е Намаз, колку намази изведуваат дневно.<br>Секој ученик ги презентира своите знања, па се отвора дискусија. Наставникот ги следи учениците за подетално да им објасни на учениците во врска со клањање на намаз. Потоа учениците добиваат задача да подготвуваат хамер со илустрции,и што конкретно значат молитвите. На пример :<br>**Намаз** – муслиманска молитва која муслиманите ја прават пет пати во денот. Намазот е најзначаен вид молитва кај Муслиманите. Намазот претставува еден од петте столба на Исламот.<br>Муслиманите изведуваат пет намаза дневно:<br>Сабах, пладне, икиндија, акшам, јација.<br>• Од верниците Муслимани се очекува пет пати дневно со лицето да се свртат кон Мека и да ја изговорат пропишаната реченица со која се одлучува да се пристапи на одреден намаз. Молитвата е втор столб на верата. Постојат два вида молитви. Првата, дова, е лична молитва, неврзана за какви било правила или ритуали. Другата, салат, е ритуална молитва која се состои од одредени движења и зборови. Молитвата во хадисот се спомнува како суштински чин на покорување на Бога и основен доказ за припадност на Исламот. Клучно значење кое во исламот ѝ се придава на молитвата потекнува од сфаќањето дека изведувањето салат го принудува човечкото тело да реагира на стварноста која претходно во сехада била потврдена со срце и јазик.<br>• Активности: наставникот учениците дискутираат и ги споделуваат сите сознанија што ги стекнале за клањањето на намазот. |

| | | |
|---|---|---|
| 17. Зекат, Рамазански пост во исламското учење | 2 | Учениците распоредени во круг зборуваат што знаат за зекатот, што преставува зекатот, кој треба да го даде, колку треба да даде зекат и на кого. Се води дискусија со учениците и меѓу себе ке споделат ставови за зекатот и Рамазанскиот пост. Наставникот се вклучува и подетално го образложува значањето на зекатот и постот.<br><br>На пример :<br><br>Зекат е третиот битен елемент на верувањето. Зекатот се поврзува со богатството на Муслиманите. Сите Муслимани кои имаат определено богатство (над основното за живот) се задолжуваат да делат дел (дел од 2,5% на крајот на годината) од своето богатство за сиромасите. Зекат се должни да дадат оние Муслимани и Муслиманки, чиј имот изнесува колку еден нисаб во злато или сребро. Оваа вредност треба да биде во посед на обврзникот целата година или барем да се најде во неговиот посед на почетокот и на крајот на годината. Во нисаб се вбројуваат: злато, сребро, пари, трговска стока, разни накити (освен бисери и добиток кој се храни на пасишта повеќе од шест месеца). Меѓутоа, во нисáб не се вбројува имотот кој му служи на обврзникот за своите основни потреби, како на пример: куќа за живеење со потребен мебел, добиток, зиратна земја, разни алати за обработка на земјата, потоа алат за извршување занаетчиски услуги, стручни книги и сл. Зекат обично се дава во текот на Рамазан, оти тогаш човечките срца се најмеки и најдарежливи. Меѓутоа, зекат не може да му се даде на својот брачен другар ниту на роднините од нагорна и надолна линија, оти должни се едните да ги издржуваат другите. Со намената на зекатот или неговото давање се постигнува следново: - муслиманите ја помагаат сиромаштијата и така стекнуваат задоволство и Господова милост; - го чистат срцето од скржавост и се навикнуваат на дарежливост; - го чистат својот имот од туѓ хак; - ја помагаат исламската заедница и со дело покажуваат дека водат сметка за нејзините потреби. Во таа смисла Мухамед алејхиселам вели: „Нема место меѓу нас за оној кој не се грижи за потребите на својата заедница“. |

| | | |
|---|---|---|
| 18. Хаџ во исламското учење | 1 | Учениците се делат на 4 групи и одговараат на однапред подготвени прашања: 1. Што преставува Хаџ, 2. Кое време треба да биде изврши Хаџ, 3. Задолжителен е за сите Муслимани кои имаат доволно богатсво, 4. Што преставува Каба.<br><br>Секоја група ги преставува своите  сознаниа, што се отвара дискусија за истите. Наставникот се вклучува и за секое прашање си дава конкретни одговори. На пример :<br><br>Аџилакот – е петтиот и последниот столб на Исламот и е задолжителен за сите Муслимани кои имаат богатство да ја посетуваат Каба во определеното време за молење за аџилак, додека пак ако Каба се посетува во текот на друг дел од годината, во Исламот тоа се вика умре. Аџилакот не е задолжителен за оние кои немаат свое богатство. Во случај жената да има свое богатство, а мажот да нема, тогаш жената се задолжува, а мажот не. Аџилакот или Хаџот се смета за сеисламски конгрес, на кој се доаѓа по Господов повик. Тоа е најповолна прилика Муслиманите меѓусебно да се  запознаат, да искористат искуства едни од други и да си пружат помош едни на други. Освен тоа, тука на Хаџ, најмногу доаѓа до израз исламското сфаќање на братството и еднаквоста меѓу луѓето, оти сите аџии се облечени исто и се поврзани во мислите, а сите дошле со иста цел: да се јават на Алаховиот повик и да го стекнат Неговото задоволство. Секој Муслиман, треба да сака и да настојува да обави Хаџ. Оној што ќе одлучи да го направи тоа, треба пред поаѓање на пат да го обезбеди своето семејство и да го снабди со животните потреби, да ги исплати своите долгови кон другите ако ги има, да се прости со оние на кои им нанесол некаква неправда, искрено да се покае за своите гревови и да одлучи, дека во иднина ќе оди по прав пат и дека ќе води сметка за своите должности кон Господ, кон себе, кон својата заедница и кон другите луѓе. |

| | | |
|---|---|---|
| 19. Исламската етика во училиштето | 1 | Учениците поделени на три групи даваат мислења за секој ученик од другата група за почитување и разбирање помегу учениците од двата пола, втората група за однесувањето наставник ученик и трета група пристојното облекување. Се споделубват различни мислења за начинот на почитување и разбирање, но на крај сите констатираат дека почитување и разбирање е важен дел за муслиманската вера.<br><br>Човекот од раѓање е подготвен на таков начин да се образува. Исламската религија се заснова на проучување и истражување, а не на слепа вера. За ова, Исламот обврзува прво да ги проучува работите, а потоа да им верува. Првиот збор објавен во познатиот Куран е „Икра“, што значи: читај, проучувај, истражувај. Ова имплицира дека необразованиот човек не може да биде ниту добар верник. Исламот не бара од верниците да се занимаваат само со изучување на религијата, туку бара да ги изучуваат сите други науки. Меѓу муслиманите треба да има лекари, инженери, учители од сите области. Треба да бидат и квалификувани во сите видови што ги бара потребата на човечкиот живот. |

| | | |
|---|---|---|
| 20. Исламска етика во облекувањето | 1 | Учениците поделени на две групи зборуваат за тоа како секој ученик треба да биде пристојно облечен според муслиманската вера.<br>На пример :<br>Машката облека треба да биде прилагодена на нивната психофизичка природа, како и облеката на жените треба да се прилагоди на нивната психофизичка природа.<br>Исламот бара од мажите да покријат дел од тело на задолжителен начин (фарз) папокот до под колената, но колку повеќе телото е покриено, толку подобро. Исто така се бара од жените да го покриваат целото тело освен лицето и нозете и рацете нагоре.<br>Превезот на жената е убавина и ја штити нејзината чест.<br>Женската облека мора да ги исполнува овие услови:<br><br>Да го покрие целото тело;<br>Да биде широка, а не тесна;<br>Да не биде транспарентна;<br>Да не биде накитена сама по себе;<br>Да не се парфимираат;<br>Да се разликува од машката облека.<br><br>На мажите им е забрането да носат злато и свила, додека такво нешто е дозволено за жените. |

| | | |
|---|---|---|
| 21. Заштита од лоши дела | 1 | Учениците се делат во групи и дискутираат за тоа кои се лошите дела и како треба да се заштитиме од тие дела. На листовите треба да напишат кои се мали, а кои големи лоши дела.<br>Кои се големите грешки?<br>И кои се сериозните(тешки) грешки?<br>Првата група го презентира своето мислење – констатираат дека: не треба да се молат во Џамија без причина.<br>Втората група- дека нема разговори при читање на Куранот, повикување на езан, зикр и сл.<br>Третата група- Повторувањето мали грешки се смета за голема грешка.<br>Започнуваме неколку разговори со учениците и покажуваме како треба да се заштитиме од лошите дела за да не се повредиме себеси, семејството или другите. |

| | | |
|---|---|---|
| 22. Исламско однесување и почитување за време на празниците | 1 | Учениците се делат на две групи и едната група дискутира и пишува за Фитер Бајрам и еден од ученици го презентира нивното мислење.<br><br>Фирет Бајрам трае три дена. Оваа прослава доаѓа по крајот на постот на месецот Рамазан. После сите активности што ги извршува муслиманот за време на Рамазан, вклучително и суфур, извршување на дневните молитви, пост, зикр, ифтар, читање на Куранот, таравих намаз итн.со крајот на последниот ден од Рамазан, доаѓа и денот на празникот. Ова е празникот Фитр Бајрам.<br><br>Втората група се труди то да го стори како и првата група само за Курбан Бајрам и еден од ученици го презентира нивното мислење.<br><br>Курбан Бајрам е празник за Муслиманите. Тоа е на 10-ти ден од дул хиџа и траат четири дена. Овој празник е тесно поврзан со извршувањето на хаџот, завршувањето на објавата на Куранот и колењето на жртвата. Секое од овие три прашања носи големо исламско значење. Аџија го симболизира единството на сите муслимани во една заедница. Крајот на објавата на Куранот го симболизира завршувањето на Алаховите објави како водич за сите луѓе. Жртвата симболизира жртва и споделување на празникот со другите. Исто како празникот Рамазан Бајрам, така и празникот Курбан Бајрам доаѓа по завршувањето на важна исламска состојба, која е обврска на хаџ. За време на прославата на Курбан Бајрам, мора да се почитуваат некои правила: Добро е да не се јаде ништо пред да се намази Курбан Бајрам; На пат додека одите во џамија, изговорете го текбирот (Алаху акбар) со низок глас; По враќањето од џамијата, курбанот те повикува; Пред да го заколите курбанот, кажете го текбирот, потоа кажете „Бисмилах“ и заколете.<br><br>Во исламот има два големи празници и тоа Фитер Бајрам и Курбан Бајрам. Се благословуваат бајрамските празници кои имаат посебно значење кај Муслиманите. Преку овие празници, Исламот им нуди на Муслиманите заедничка радост. Покрај радоста што ја доживуваат Муслиманите, тие му се заблагодаруваат на Алах џел-ла ша'нуху за обврските што ги извршуваат за време на овие празници. |

| | | |
|---|---|---|
| 23. Историјата на курбанот и неговата улога | 1 | Учениците се делат на две групи и едната група дискутира и пишува за 1. Историјата на курбанот и еден од ученици го презентира нивното мислење.<br><br>Втората група<br><br>1. Нејговата улога - еден од ученици го презентира каква е улогата на курбанот.<br><br>Наставникот заедно со учениците дискутираат и поопширно ја образложуваат историјата ка курбанот. Намерата за колење на курбан, за кога се коле, што изразува, како трба да се подели месото од курбанот.<br><br>Курбанот е животно кое се коле со намера да се приближи до Алах. Жртвеното животно се коле исклучиво заради Алах. Тој изразува потчинување и благодарност кон Возвишениот Алах и е средство за побожност (теквалук). Блискоста кон Алах, која започнува со молитва, достигнува повисоки степени со жртвата. Кога верникот ќе коле курбан, заедно со пролевањето крв, неговите гревови исчезнуваат и тогаш чувствува неописливо чувство на духовно олеснување. Жртвата е показател за поднесување како што е споменато во сура Хаџ, целта на жртвата е да се споменува и да се сеќава на Алах. |